Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел од дневни настани 12.08.2021

На 11.08.2021 година околу 22.30 часот во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Ш.С.(38) и З.И.(24), двајцата од Гостивар, затоа што кај них биле пронајдени неколку пакувања кокаин. Тие биле задржани во Полициска станица Гостивар и по целосно документирање и расчистување на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.08.2021 во 02.40 часот, полициски службеници спречиле нелегално минување на државната граница од Република Северна Македонија во Република Грција на лицата В.Д.(29) и М.Б.Ј.(23), двајцата од Куба. Од извршените проверки било утврдено дека тие имаат остварено нелегален влез во државата. По преземени мерки на лицата им се издадени решенија за протерување на странец и забрана за влегување во Република Северна Македонија.

На 11.08.2021 во рамки на зајакнатата акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, санкционирани се 346 возачи. Од нив, 20 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 167 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 179 надвор од населено место.

На 11.08.2021 околу 11.30 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосницата од регионалниот пат Старо Нагоричане - Граничен премин „Делинце" и патот за с.Драгоманце се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Хјундаи", со српска национална ознака, управувано од Н.Д.(39) од Република Србија и мотоцикл „томос", со кумановски регистарски ознаки, управуван од И.К.(61) од Куманово. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката на мотоциклот, В.К.(57) од Куманово, додека со телесни повреди се здобил И.К., констатирани во Општа болница Куманово. Увид на местото извршила екипа на СВР Куманово.

На 11.08.2021 година во 15.00 часот на бул.„Гоце Делчев", полициски службеници од Полициската станица Центар го лишиле од слобода Х.З.(20) од с.Арачиново, скопско. Тој се сомничи дека во периодот од 22.06. до 10.08.2021 на кеј „Димитар Влахов", на потегот од црквата Св.Богородица до МРТВ, извршил девет кривични дела „разбојништво". Тој бил приведен во полициска станица и во присуство на Јавен обвинител било извршено препознавање од страна на оштетените. По целосно документирање на случаите против него ќе биде поднесена пријава по член 237 од Кривичниот законик.

На 11.08.2021 околу 21.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека на крстосница во село Добрејци, струмичко, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „мерцедес", со италијански регистарски ознаки, управувано од Б.М.(20) од с.Сушица и мопед „хонда", со струмички регистарски ознаки, управуван од малолетно лице од Струмица. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Медицински центар Струмица, а увид на местото извршила екипа на Полициска станица Струмица.

На 11.08.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.И.(70) од Скопје пријавила дека на ул.„Вера Јоциќ" во Скопје била касната од куче скитник.

На 11.08.2021 во 03.00 часот на ул.„Пелагонија" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ѓ.(20) од Скопје. По преземени мерки и активности било констатирано дека А.Ѓ. извршил кражба во куќа на К.Р. во Шуто Оризари, при што одзел пари и златен накит, кој го продал на друго лице од Скопје, а парите ги потрошил. Украдените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 235 од Кривичниот законик.

На 11.08.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, А.Т.(43) од Скопје пријавил дека на ул.„Ѓорѓи Скрижевски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 11.08.2021 околу 11.30 часот во СВР Штип било пријавено дека во близина на патот Делчево - Штип, на место викано „Маирски ниви", при изведување на градежни работи, Ј.И.(56) од с.Грдовци, кочанско, пронашол експлозивна направа од Втората светска војна. Експлозивната направа била подигната од вработен во Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 12.08.2021 околу 01.15 часот во СВР Велес, А.Г.(42) од Велес пријавил дека на ул. „Благој Ѓорев" бил каснат од куче скитник.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против Е.Ќ.(50) од струшкото село Велешта и против правно лице со седиште во истото село, како и против албанските државјани Л.Д.(21), О.Д.(25), М.К.(45) и Ф.М.(31), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на дрва". При контрола извршена на 08.08.2021 во месноста „Балески лазој", атар на струшкото село Лабуништа, полициски службеници ги затекнале албанските државјани во бесправна сеча на букови дрва и притоа констатирале дека нелегално биле ангажирани за работа од сопственикот на правниот субјект.

Во периодот од 08.08. до 11.08.2021, полициски службеници од СВР Тетово на подрачјето на Тетово и Гостивар извршиле проверки на лица на кои им е издадено решение за изолација и домашно лекување. Притоа, било констатирано дека Д.Л. од Косово, со престој во нашата држава, Љ.С.(54) од Тетово, две малолетнички и нивната мајка А.К.(37) од Тетово, М.Љ.(49) и А.Х.(20), двајцата од Мала Речица, Б.Х.(35) од тетовски Лисец и М.З.(54) од Гостивар, сите со решение за изолација и домашно лекување, не биле на местото за изолација, туку ја напуштиле државата. Против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 11.08.2021 година во 13.05 часот во СВР Битола било пријавено дека во с.Рапеш, битолско, настанал пожар во штала сопственост на З.Т. од с.Рапеш. Од пожарот биле зафатени и четири плевни. Од екипа на Територијалната противпожарна единица Битола пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 11.08.2021 во 20.30 часот во Полициската станица Аеродром, 70-годишна жена од Скопје пријавила дека на 07.08.2021 била измамена од едно лице. Според пријавеното, лицето телефонски ѝ кажало дека нејзиниот син прегазил малолетник, но доколку му даде одредена сума на пари тој може да помогне да не издржува затворска казна,. Како што е пријавено, тие се договориле и таа му ги дала парите, а подоцна сфатила дека била измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Р.М.(45) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама" и против А.К.(36) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „помагање". На 12.07.2021 Р.М. телефонски му се јавил на оштетениот С.Ф.(31) од Р.Албанија и се преставил како негов роднина од Косово, при што во два наврата го измамил да му испрати 1.000 евра на име на пријавениот А.К..

На 11.08.2021 во 11.45 часот пред пункт за вакцинација во Поликлиника Чаир, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Х.(66) од Скопје, затоа што физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејствија. М.Х. бил приведен и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против С.Л.(40) од Делчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.10.2020 полициски службеници извршиле контрола над пријавениот и во неговото возило, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 11.08.2021 во 18.58 часот во објект на МРТВ, во Одделение за управни служби при МВР бил нарушен јавниот ред и мир од Х.Ѓ.(46) Скопје, кој се однесувал агресивно и упатувал закани кон вработено лице. Лицето било отстрането од објектот и по целосно документирање на случајот против Х.Ѓ. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Н.Б.(35), Х.Б.(58) и С.Б.(37) од Тетово, поради тоа што на 01.06.2021, во кругот на градежна фирма во с.Добарце, тетовско, по претходна расправија тие физички ги нападнале сопствениците Б.М., О.А. и Ш.А.. Притоа, вработениот М.А.(26) се обидел да го спречи нападот, но и тој бил физички нападнат.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.А.(38) и Г.С.(35), двајцата од Тетово, поради тоа што на 05.06.2021 на улица „Благоја Тоска" во Тетово, пријавените физички го нападнале И.Е.(58) од Тетово.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.М.(50) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштење во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 14.09.2020 на ул.„Скопска" во Кичево, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.З.(45) од с.Шемшово, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка и караница". Пријавениот, на 30.05.2021, по претходна расправија поради нерасчистен долг, во угостителски објект со пиштол му се заканил на Љ.А. од с.Мала Речица, тетовско.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.А.(31) од с.Пороја, тетовско, А.Љ.(25) и А.Е.(24) од Тетово, поради тоа што на 17.05.2021 во населба Дреновец – Тетово настанала физичка пресметка помеѓу пријавените, при што Ф.А. со остар предмет се заканил кон другите две лица.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Џ.И.(30) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 14.05.2021 околу 00.40 часот, и покрај забрана за движење на населението, пријавениот бил забележан со патничко возило „фиат" на бул. „Маршал Тито" во Тетово.

На 11.08.2021 во 08.45 часот во Полициската станица Струга, вработена во Агенцијата за вработување пријавила дека во периодот од 16.30 часот на 10.08 до 08.30 часот на 11.08.2021 од залутано зрно било оштетено стакло од една канцеларија. Зрното било пронајдено во канцеларијата, а увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет